СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

# Жан Митрев бара да се избрише документарецот „Нечиста крв“, за ИРЛ и ЗНМ тоа е правен апсурд

**Ж.Н.**
**Пред 2 месеци**



*Фото: ИРЛ/принтскрин*

Докторот **Жан Митрев** побарал од судот да изрече привремена мерка за забрана за објавување на содржини поврзани со документарниот филм „Нечиста крв" на Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ), а дополнително бара филмот и другите поврзани продукти да бидат избришани од интернет просторот, објави ИРЛ.

**Добиј ги најважните вести, бесплатно на Viber**

Клиниката „Жан Митрев“ и докторот поднеле тужба за клевета и навреда кон редакцијата на ИРЛ и новинарите автори на истражувањето „Нечиста крв” придружена со предлог за издавање на времена мерка која вклучува бришење на објавите и забрана за дополнително известување додека трае судскиот спор. Ваквите спорови до правосилност на пресудата често траат и повеќе години.

> **„Се забранува на тужените ИРЛ, Сашка Цветковска, Елена Митревска Цуцковска и Маја Јовановска на јутјуб каналот на првотуженият и на фејсбук профилот на првотужените да објавуваат содржини поврзани со веќе објавениот документарен филм насловен како „Нечиста крв” и „Специјално издание: Нечиста крв”, како и да објавуваат нови содржини во кои што тема на обработка ќе биде работењето на тужителите и начините на лекувањето пациентите болни од КОВИД 19 за време на КОВИД пандемијата, која мерка да се со важност до правосилно завршување на постапката”, се вели во предлог**

ВИ ПРЕПОРАЧУВАМЕ

1 ВИДЕО | Мијалче Дургутов: Катар извонредно го организираше Светското првенство

2 ВИДЕО | Звездан Георгиевски: Државата заборави на Славко Јаневски

3 ФОТО | Колинда во интересно друштво во Катар: По Макрон, заедно со Ибрахимовиќ и со Бекам

4 Азилантот Груевски со највисок рејтинг во државата

5 Италијанскиот инвеститор ги презентираше плановите за Попова Шапка: Ќе се скија најмалку 100 дена, ќе се гради населба со приватни викендички

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ ВЕСТИ

## ОД АВТОРИТЕ НА СЛОБОДЕН ПЕЧАТ

> **одлуката до Судот во тужбата по предлог на привремена мерка.**

Барањето за ваква мерка, заедно со тужбата, пристигнало минатата недела, а рокот ИРЛ да испрати одговор по предлог-мерката за забрана за известување истекува денес, бидејќи законот предвидува три дена за одговор и по овие барања се одлучува експресно. Правниот тим на ИРЛ, обезбеден преку Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) денеска испрати одговор на тужбата по предлог-времената мерка за забрана за објавување и бришење на содржини.

Извршниот директор на Здружението на новинари на Македонија **Драган Секуловски** вели дека барањето да се отстрануваат медиумски содржини не е само нелогично, туку и опасно.

> **„Опасноста е во тоа што го поттикнува судот да цензурира без спроведување на судска постапка и правосилна пресуда што е надвор од праксата на ЕСЧП. Оваа сторија на ИРЛ мотивираше и други медиуми, не само локални туку и од регионот, да се бават со работата на оваа приватна болница, но и надлежните институции да покренат конкретни постапки кон неа и затоа барањето овие содржини да се избришат од интернет претставува досега невиден правен апсурд“, вели Секуловски.**

Редакција | Нечиста крв | ИРЛ

Скопското јавно обвинителство на 18 јули по допрен глас отвори предмет за кривично дело Измама на пациенти во клиниката „Жан Митрев“ од Скопје, откако на 17 јули се емитуваше документарниот истражувачки филм „Нечиста крв“. По помалку од еден месец работа, обвинителството соопшти дека покренува истрага за кривичното дело измама. Според последните најави на шефот на скопското обвинителство Гаврил Бубевски, истрагата ќе биде заврши за околу два месеца, по што би се покренало обвиниение пред Кривичниот суд. Македонските и балканските медиуми со внимание известуваат за истрагата на обвинителство, како и другите институции кои имаат засебни истраги, како Министерството за здравство, Агенцијата за лекови и медицински помагала Малмед и Лекарската комора.

> **„Не се случи институциите кои ја истражуваат неговата работа да побараат да ја затвори болницата додека траат постапките против него. Исто така, нејасно е како господинот Жан Митрев ќе ги спречи сите медиуми да не објавуваат за текот на овие истраги со оглед на големиот медиумски интерес за темата. Затоа е многу сомнително тоа што оваа тужба и ова барање за забрани доаѓаат токму кога ИРЛ и партнерските центри почнаа да работат на продлабочување на приказната на меѓународно ниво на најмалку три континенти", вели Сашка Цветковска, одговорен уредник во ИРЛ.**

**Дру Саливан**, главниот и одговорен уредник и издавач на Меѓународниот проект за известување за организиран криминал и корупција (OCCRP) чиј што центар е и ИРЛ, вели дека Судот не би смеел да се впушта во ваков тип на забрани, особено за сториите за кои се истражува и меѓународно.

> **„Доктор Митрев е добредојден да ја тужи ИРЛ за оваа публикација ако се чувствува наклеветен, но граѓаните имаат право да ги знаат откритијата на новинарите на ИРЛ кои можат да имаат значаен импакт врз здравјето на луѓето. Во прашање се човечки животи. Семејствата имаат право да знаат што се случило со нивните блиски. Во секој случај, ОЦЦРП и нашите медиуми и партнери во регионот и светот ќе ги објавуваат сториите ако судот тоа им го забрани на ИРЛ. Не можете да ја запрете вистината", вели Саливан.**

Редакцијата на ИРЛ во последната година се справува со осум стратешки тужби за спречување на јавното учество. Овој тип на тужби, меѓународно наречени СЛАПП (Strategic Lawsuits Against Public Participation) се тужби насочени против медиуми и граѓански организации кои изразуваат критички позиции кон моќни лица од бизнис и власта по прашања од висок јавен интерес.

Од вкупно 56 истражувачки медиумски центри низ целиот свет на Меѓународниот проект за известување за организиран криминал и корупција, редакциите на српската КРИК и македонската ИРЛ се со најмногу тужби, односно единаесет и осум стратешки тужби. Со ова, двете балкански држави и кандидати за членство во ЕУ се во полоша позиција и од некои центрите на Блискиот исток, Африка, Венецуела, Мексико и други земји каде што е проблематично да се работи оваа професија.